# III тема:
# Митологија и верувања

## III.2 Култови и обреди

Изготвил: Ненад Начковски

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 1. Што е култ? Потекло на зборот.

- Зборот *култ* води потекло од латинската именка cultus што значи *неѓување*, *ѓрижа*, *обожавање*.
- Култот претставува збир од разни верски дејствија (вршење на обреди, празнувања, изведување на свечености) во чест на некое божество или природна појава.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 2. Анимизам во култовите

- Во античкиот свет се појавиле многу култови, секој со свои посебности кај разни народи.
- Древните народи ги обожавале природните појави и претставниците на животинскиот свет, така што некои од нив уживале посебен култен статус како на пр. сонцето, лавот, бикот, змијата, мачката и др.



This Photo by Unknown Author is licensed under CC BY-NC
Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Видови на култови распространети во Хелада и Рим



Култ кон богот Митра



Култ кон богот Сабаѕиј



Култ кон божицата Изида

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 3. Видови на култови распространети во Хелада и Рим



Култ кон божицата Деметра и нејзината ќерка Персефона



Култ кон непобедливото сонце (Sol Invictus)



Култ кон богот Асклепиј

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 4. Култот кон богот Дионис



- Богот Дионис се сметал за бог на виното, занесните танци, веселбата и лозарството. Се поврзува и со мирот, земјоделието, законодавството, цивилизацијата и театарската уметност.
- Неговиот култ бил распространет насекаде. Во Рим го нарекувале Бакхо.
- Танцот, пеењето, гоштавањето и пиењето биле составен дел на празниците славени во чест на Дионис, наречени Мали и Големи Дионисии.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 5. Што е обред? Видови обреди.

- Обред или ритуал претставува **дејствие** преку кое свештеникот или следбеникот на култот на симболичен начин му изразува чест или стапува во комуникација со божеството.

- Чести обреди кои се вршеле во минатото во чест на божествата биле:
- Молитвите
- Жртвувањата



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# 5.1 Молитви



- Молитвата е дејствие преку кое свештеникот или следбеникот на култот усно му се обраќа на божеството со молба да го исполни барањето во неа, а за возврат да го чествува и да му принесува жртви во знак на благодарност.
- Античките народи се молеле во положба на клечење со рацете кренати нагоре кон идолот на божеството.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# 5.2 Жртвувања



- Жртвувањата се дејствие преку кое на симболичен начин му се изразува чест на божеството, но, исто така и на починатите предци.
- Жртвопринесувањето може да биде крвно или бескрвно.
- Крвните жртвувања биле вообичаени. Се изведувале на жртвеник (олтар) со принос на животното кое е предодредено за убивање. Крвта што се пролева е знак дека е исполнета почеста, дека е очистен гревот, така што се очекува божеството да се смилува и да ги исполни барањата во молитвата.
- Бескрвните жртвувања се вршеле често во знак на почит кон починатите предци преку пролевање на млеко, мед, вино и сл.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски

# Да повториме што научивме...

- Што е култ?
- Збир од разни верски дејствија (вршење на обреди, празнувања, изведување на свечености) во чест на некое божество или природна појава.

- Кои природни појави и животни уживале култен статус во античкиот свет?
- Сонцето, лавот, бикот, змијата, мачката.

- Кои култови биле распространети во културата на старите Хелени и Римјани?
- Култот кон богот Митра, кон богот Сабасиј, кон божицата Изида, кон божиците Деметра и Персефона, кон Сол Инвиктус (непобедливо сонце).

- Што е обред?
- Обред или ритуал претставува дејствие преку кое свештеникот или следбеникот на култот на симболичен начин му изразува чест или стапува во комуникација со божеството.

- Каков обред е молитвата?
- Молитвата е дејствие преку кое свештеникот или следбеникот на култот усно му се обраќа на божеството со молба да го исполни барањето во неа, а за возврат да го чествува и да му принесува жртви во знак на благодарност.

- Какви видови на жртвопринесувања се изведувале во античкиот свет?
- Крвни за боговите и бескрвни за починатите предци.

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND

# УЧИЛИШНА ЗАДАЧА:
# Презентација за култот кон богот Дионис

- Изработи презентација за култот кон богот Дионис во Мајкрософт Пауерпоинт.
- Преку интернет-пребарувач пронајди податоци и неколку слики на кои е претставен Дионис и распореди ги во слајдовите.
- Ако немаш компјутер, изработи истражување за овој култ во тетратка.
- Прикачи ја презентацијата во сопствената папка во MS Тимс.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND